„О луѓе, навистина Аллах е Убав и не прифаќа освен она што е убаво. Аллах им го нареди на верниците истото што им го нареди и на пратениците

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Навистина Аллах е Убав и не прифаќа освен она што е убаво. И навистина Аллах им го нареди на верниците истото што им го нареди и на пратениците. Возвишениот Аллах вели: ‚О, Пратеници, со дозволени и убави јадења хранете се и добри дела правете, бидејќи Јас добро знам вие што правите!‘ И вели: ‚О, верници, јадете од добрата храна со која ве снабдивме и бидете Му благодарни на Аллах, ако навистина само Него Го обожувате!‘ Потоа го спомна човекот кој долго патува, со разбушавена коса и правлив, ги подига рацете кон небото и вели: ‚Господару мој, Господару мој,‘ а неговата храна е харам, неговиот пијалак е харам, неговата облека е харам, и е хранет со харам, па како да му биде примена довата?“

[صحيح] [رواه مسلم]

Пратеникот, алејхи селам, ни кажа дека Аллах е добар, свет, над сите недостатоци и мани, и се карактеризира со совршенство, и нема да прими ниту едно дело или говор освен оние што се добри, искрено направени за Аллах и во согласност со праксата на Пратеникот, алејхи селам, и не треба да Му се доближуваме на Аллах освен на овој начин, а една од најголемите работи што може да се постигне со добри дела за верникот е добрата храна, која треба да биде халал. На овој начин и делата ќе му бидат добри, и затоа Аллах им заповеда на верниците да го прават она што им заповедал на пејгамберите, да јадат халал храна и да прават добри дела. Тој рекол: „О, Пратеници, со дозволени и убави јадења хранете се и добри дела правете, бидејќи Јас добро знам вие што правите!“, исто така Возвишениот рекол: „О, верници, јадете од добрата храна со која ве снабдивме и бидете Му благодарни на Аллах.“ Потоа, алејхи селам, предупреди да не јадеме харам, кој ги поништува делата и не дозволува да бидат прифатени, без разлика колку причини сме исполниле за да бидат прифатени. Меѓу нив се: Прво: Долгото патување со цел да направиме некое богоугодно дело како што се аџилакот, џихадот, одржувањето на семејни врски и др. Второ: Ако косата е бушава затоа што не е исчешлана, а бојата на косата и облеката се сменила поради прав, бидејќи е во тешка ситуација. Трето: Ги кренал рацете кон небото молејќи се. Четврто: Упорно Го повикува Аллах со Неговите убави имиња: Господару! Господару! И покрај овие причини за одзив на молитвата, тој не беше

слушнат; Тоа е затоа што она што го јаде, пие и она што го носи е харам, се храни со она што е харам, па ни оддалеку не е можен одзив на оној со овие карактеристики, и како да му се одзвие?!

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/66518